Дневни сценарија по музичко образование Септември

содржини (и поими)	стандарди за оценување	часови и дата на реализација	сценарио за часот	средства	следење на напредокот
• **Песни и бројалки во опсег до1 – си бе-мол1**	• Демонстрира јасна дикција, точна артикулација и ритам при кажување бројалки.	Септември	**Воведни активности:** Учениците набројуваат игри кои ги играат со другарчињата (групни игри). На почетокот на групните игри се употребуваат бројалките. Зошто? (За да се одреди кој прв да ја започне играта). На што ве потсетува зборот бројалка? (бура на идеи). Учениците заклучуваат дека бројалките се кратки ритмички песни кои лесно се пеат и се интересни. Се запознаваат со целта. (8 мин.) **Главна активност:** Наставникот ја презентира бројалката. Воочуваме и објаснуваме непознати зборови. Учениците одговараат на прашањата поврзани со содржината на бројалката (Која играчка се спомнува, кој ја зел?...) Топчето ми падна Калина го грабна дај ми го Калино не ти го давам ќе го продадам Учениците ја повторуваат бројалката стих по стих, со ритмичко изговарање на зборовите заради постигнување јасна и чиста дикција и точно акцентирање на одредени слогови, а потоа се учи бројалката и се изговара од страна на учениците. (по слогови со пеење, па со плескање на рацете). (20 мин.) **Завршна активност:** Пред учениците се поставени кегли во различни бои. Со бројалката која ја учевме одредуваат која од кеглите ќе треба прва да ја погодат со топчето. (7 мин.) **Рефлексија:** Што е бројалка? Зошто учевме бројалка? Каде можеме да ги користиме бројалките? (5 мин.)	- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор); - Слики - Кегли во боја - Топче	- усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците; - индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); - практичната изведба во група.

Изработила: Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование Септември

содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**часови и дата на реализација**	**сценарио за часот**	**средства**	**следење на напредокот**
• Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки)	• Препознава пијано и виолина, визуелно и звучно.	Септември	**Воведни активности:** Учениците играат игра: „Погоди го инструментот“. Во кутија се ставени слики од различни инструменти. Секој ученик извлекува слика и треба да го именува и опише инструментот што е на сликата. Потоа на учениците им се објаснува дека кога се слуша музика е потребно да седнат на своите места, да се смират, да ги затворат очите и да ја слушаат музиката. им објаснуваме дека секогаш треба да ја слушнат тишината пред да ја слушаат музиката. Слушаат звуци од пијано и виолина и треба да го погодат звукот од кој инструмент е. Се запознаваат со целта. (10 мин.) **Главна активност:** Наставникот презентира одделно аудио и видеозаписи од пијано: https://www.youtube.com/watch?v=7plpGnwvgAc – Чајковски: ***Марш*** од ***Детски албум*** – инструмент пијано, умерено темпо, и виолина https://www.youtube.com/watch?v=lY8_G8cYi_Y – Сен-Санс: ***Народот со долги уши*** – инструмент виолина. Учениците ги идентификуваат инструментите по звук и изглед. (15 мин.) **Завршна активност:** Учениците илустрираат виолина и пијано. (10 мин.) **Рефлексија:** Што работевме на овој час? Што научивме? (5 мин.)	- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор); - блок - боички	- усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците; - индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); - практичната изведба во група.

Изработила: Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование Септември

содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**часови и дата на реализација**	**сценарио за часот**	**средства**	**следење на напредокот**
• Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки)	• Препознава пијано и виолина, визуелно и звучно.	Септември	**Воведни активности:** Секој ученик пред себе има слика од пијано и виолина. Учениците слушаат звуци од пијано и виолина и треба да погодат звукот кој го слушаат од кој инструмент е (ја подигаат сликата на инструментот чии звук го слушаат во мкоментот). Се запознаваат со целта. (5 мин.) **Главна активност:** Учениците се седнати на своите места. Наставникот презентира аудио и видеозаписи од пијано: и виолина, заедно од двата инструменти https://www.youtube.com/watch?v=Di-xZ8fZ3_k **– Сонатина за виолина и пијано – Властимир Николовски**. Најпрво наставникот им го кажува само насловот на композицијата. По слушањето се разговара за тоа кој што забележал. Потоа се пристапува кон активно – селективно слушање со воочување на инструментите кои се застапени во изведбата на композицијата. Следува слушање на музиката со затворени очи. Кои чувства ги побудува музиката кај нас (20 мин.) **Завршна активност:** Учениците изработуваат картички со емоции кои ги побудило музичкото дело кај нив во текот на слушањето. (10 мин.) **Рефлексија:** Преку игра: „Звуци“ се утврдуваат знаењата на учениците. Слушаат звук од пијано – го именуваат инструментот и го покажуваат на дадена слика. Слушаат звук од виолина – го именуваат инструментот и го покажуваат на дадена слика. (5 мин.)	- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор); - блок - боички	- усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците; - индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); - практичната изведба во група.

Изработила: Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**часови и дата на реализација**	**сценарио за часот**	**средства**	**следење на напредокот**
• **Детски ритмички и мелодиски инструменти** (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас; металофон, мелодика, блок флејта/шупелка)	• Ги препознава детските ритмички и мелодиски инструменти по бојата на звукот.	Септември	**Воведни активности:** Пред учениците се ставени детски ритмички и мелодиски инструменти. Слободни ги истражуваат. Ги набљудуваат, опишуваат, слушаат каков звук произведуваат. Ги делат во две групи: ритмички (ударни) инструменти (маракас, стапчиња, триангл, дајре, барабан, кастањети, чинелии) и мелодиски инструменти (ксилофон, металофон, блок флејта). Од што се изработени инструментите? Се запознаваат со целта. (10 мин.) **Главна активност:** Учениците од картон, шишиња и сл. изработуваат „ритмички инструменти“ (барабан, дајре, маракас сл.). (20 мин.) **Завршна активност:** Учениците изработените инструменти ги користат како ритмичка придружба при пеењето на бројалката или друга песна кои самостојно ги интерпретираат. (5 мин.) **Рефлексија:** Кои детски музички интрументи ги научивме? За што можеме да ги користиме музичките инструменти? (5 мин.)	- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор); - блок - боички	- усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците; - индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); - практичната изведба во група.

Изработила: Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk